**20260290409**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 41 став (2) од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 253/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТ И МЛАДИ ЗА 2026 ГОДИНА

I. Со оваа програма се врши распределба на средствата за финансирање на националните спортски федерации на слепите и глувите лица, заради обезбедување нивна функционалност, односно организација на национален систем на натпревари, обезбедување просторни ресурси, спортска опрема и реквизити и тренажен кадар за националните тимови.

II. Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 3.000.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, во Раздел 16201 - Министерство за спорт, Програма 4, Потпрограма 40 - Меѓународна програма, ставка 463 - Трансфер до невладини организации.

III. Средствата од дел II од оваа програма се наменети за:

| Реден бр. | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Национална спортска федерација на слепите на Северна Македонија | 2.000.000,00 |
| 1.1 | организација на национален систем на натпревари | 500.000,00 |
| 1.2 | обезбедување просторни ресурси | 100.000,00 |
| 1.3 | спортска опрема и реквизити | 1.400.000,00 |
| 2. | Национална спортска федерација на глуви на Република Северна Македонија | 1.000.000,00 |
| 2.1 | организација на национален систем на натпревари | 800.000,00 |
| 2.2 | обезбедување просторни ресурси | 100.000,00 |
| 2.3 | тренажен кадар за националните тимови | 100.000,00 |
| | Вкупно | 3.000.000,00 |

IV. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-167/8
10 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.